# З А П И С Н И К
## Од Триесет и четвртата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 13.03.2026 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Триесет и четвртата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Маја Седрак, Томислав Кежаровски, Лазо Трпков, Миле Гроздановски и Марјан Велевски.***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Музбајдин Ќамиљи, Беким Лачи и Владимир Палашевски.***

**Други присутни на седницата:** ***Виолета Димеска Раководител на одделение за планирање и реализација на буџетите и Даниела Симовска овластен ревизор од Независно ревизорско друштво БДО Скопје.***

Триесет и четвртата седница на Програмскиот совет започна во 11:11 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Триесет и четвртата седница, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 33-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување и усвојување на Нацрт ревизорски извештај за финансиските извештаи на ЈРП МРТ за 2025 година од Независно ревизорско друштво БДО-Скопје**
3. **Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2025 година**
4. **Разгледување и усвојување на Извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во периодот од 01.10.2025 до 31.12.2025 година**
5. **Разгледување и усвојување на Годишниот План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2026 година, со пренамена на средства**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 33-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Триесет и третата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување и усвојување на Нацрт ревизорски извештај за финансиските извештаи на ЈРП МРТ за 2025 година од Независно ревизорско друштво БДО-Скопје**

Претседателот на Програмскиот совет ја отвори втората точка од Дневниот ред и рече дека во рамки на оваа точка од дневниот ред, се разгледува Нацрт ревизорскиот извештај за финансиските извештаи на ЈРП Македонска радио-телевизија за 2025 година, изготвен од Независното ревизорско друштво БДО ДОО Скопје, кое е овластено ревизорско друштво и дел од меѓународната мрежа на независни ревизорски компании BDO.

Ревизорскиот извештај се однесува на ревизијата на финансиските извештаи на ЈРП МРТ за годината која завршува на 31 декември 2025 година, кои ги опфаќаат извештајот за финансиска состојба, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во капиталот, извештајот за паричните текови, како и белешките кон финансиските извештаи.

Ревизијата е спроведена во согласност со ревизорските стандарди применливи во Република Северна Македонија, при што ревизорот дава мислење со резерва и констатира дека, со исклучок на одредени прашања наведени во делот „Основа за мислење со резерва“, финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Претпријатието, како и резултатите од неговото работење и паричните текови за 2025 година.

Резервата во ревизорскиот извештај се однесува на прашања од имотно-правен и формално-правен карактер, односно на дел од недвижностите за кои претпријатието располага со право на користење, додека постапките за целосно регулирање на сопственоста се во тек, како и на прашањето за усогласување на основната главнина со податоците во Централниот регистар.

Тој констатираше дека во ревизорскиот извештај не се констатирани неправилности или незаконито работење во финансиското управување на претпријатието.

Во однос на финансиските показатели, во извештајниот период е евидентирана загуба, која во значителна мера е поврзана со намалувањето на средствата за финансирање на радиодифузната дејност во текот на 2025 година, поради ребаланс на Буџетот на РСМ, при што средствата што било потребно да бидат исплатени согласно законската рамка се намалени за околу 80 милиони денари.

Во таа насока, Претседателот Давор Пашоски напомена дека согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за финансирање на радиодифузната дејност се издвојуваат средства во висина од 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на РСМ. Доследното почитување на оваа

законска рамка е од особено значење за обезбедување на стабилно и предвидливо финансирање, како и за зачувување на финансиската стабилност и понатамошниот развој на Македонската радио-телевизија како јавен радиодифузен сервис.

Истовремено, ревизорот констатира дека, имајќи ја предвид јавната функција на Македонската радио-телевизија како јавен радиодифузен сервис и законската рамка за нејзино финансирање од државниот Буџет, претпоставката за континуитет на работењето не е доведена во прашање.

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, управувањето и раководењето со ЈРП МРТ се остварува преку Програмскиот совет, Надзорниот одбор и директорот на МРТ.

Во таа насока:

- директорот раководи со работењето и ја застапува и претставува МРТ,
- Надзорниот одбор врши надзор над материјално-финансиското работење на претпријатието,
- додека Програмскиот совет постапува во рамки на своите законски надлежности, разгледувајќи ги документите и информациите поврзани со функционирањето на јавниот сервис.

Имајќи го предвид ова, важно е да се истакне дека надзорот над финансиското работење на МРТ е во надлежност на Надзорниот одбор, кој во рамки на своите надлежности го разгледал ревизорскиот извештај и дал согласност.

Програмскиот совет, во рамки на својата работа, постапува врз основа на доставениот ревизорски извештај изготвен од независен ревизор, како и врз основа на претходно дадената согласност од Надзорниот одбор, во согласност со законските надлежности на органите на управување на МРТ.

Со оглед на тоа што ревизорскиот извештај претставува стручен документ изготвен од независно овластено ревизорско друштво, а надзорот над материјално-финансиското работење е во надлежност на Надзорниот одбор, може да се оцени дека доставениот ревизорски извештај претставува релевантна основа за разгледување и усвојување од страна на Програмскиот совет.

Во таа насока, тој ги повика стручните служби на МРТ и претставникот на независното ревизорско друштво БДО ДОО Скопје доколку имаат дополнителни информации или појаснувања во однос на ревизорскиот извештај, да дадат кратко образложение.

Збор зема Даниела Симовска, овластен ревизор од Независно ревизорско друштво БДО Скопје и рече дека како што и погоре истакна Претседателот на Советот, мислењето со резерва се однесува на две прашања и тоа:

Претпријатието со состојба на 31 декември 2025 година има евидентирано земјиште со вкупна сегашна вредност од 168.986 илјади денари и евидентирано градежни објекти со вкупна сегашна вредност во износ од 41.884 илјади денари, за кои согласно имотно-правната документација со која располага, Претпријатието има добиено право на користење на земјиштето и градежните објекти од страна на државата, но не и сопственост над истите.

Според тоа, Претпријатието има евидентирано земјиште и градежни објекти во својата евиденција со вкупна сегашна вредност од 210.870 илјади денари, за кои не поседува соодветна документација за докажување на сопственост. Претпријатието презема правни активности за разрешување на имотно правните односи во делот на земјиштето и градежните објекти и нивен упис во јавните книги. Таа истакна дека ова е историски проблем, кој се провлекува годините наназад.

Понатаму, Претпријатието има евидентирано основна главнина на износ од 421.155 илјади денари. Износот на државниот капитал не е запишан и усогласен со регистрираната основна главнина според изводот од Централниот регистар на Република Северна Македонија од основањето на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје до денес. Воедно рече и дека биле преземани мерки со испраќање дописи до Собранието на РСМ и ЦРМ. Таа, исто така, истакна дека финансиските извештаи ја прикажуваат финансиската состојба реално и објективно.

По излагањето на овластениот ревизор, прашање постави Лазо Трпков по однос на тоа дали формата мислење со резерва било користено и во претходните ревизорски извештаи?

На ова одговори Даниела Симовска која рече дека и претходните години е користена истата формулација.

Претседателот на Програмскиот совет предложи Програмскиот совет најнапред да го донесе следниот Заклучок.

Со Заклучокот, Програмскиот совет на МРТ, по разгледувањето на Нацрт ревизорскиот извештај за финансиските извештаи на ЈРП МРТ за 2025 година од независниот овластен ревизор БДО Скопје, а врз основа на доставениот ревизорски извештај и претходно дадената согласност од Надзорниот одбор на МРТ, констатира дека независниот ревизор во својот извештај утврдил дека финансиските извештаи на ЈРП МРТ за годината која завршува на 31.12.2025 година се во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија и во сите значајни аспекти реално и објективно ја одразуваат финансиската состојба на претпријатието.

Претседателот Давор Пашоски го стави Заклучокот на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Советот констатираше дека Програмскиот совет го донесе Заклучокот.

Во продолжение, тој предложи Програмскиот совет, имајќи ја предвид претходно дадената согласност од Надзорниот одбор на МРТ, да пристапи кон донесување на Предлог-одлуката за усвојување на поединечниот ревизорски извештај за финансиските извештаи на ЈРП МРТ за 2025 година од независниот овластен ревизор – ревизорска куќа БДО Скопје.

Претседателот Давор Пашоски го стави Предлогот на Одлуката на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Тој констатираше дека Програмскиот совет ја донесе Одлуката за усвојување на поединечниот ревизорски извештај за финансиските извештаи на ЈРП МРТ за 2025 година од Независен овластен ревизор БДО Скопје.

**Точка 3. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2025 година**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори третата точка од Дневниот ред и рече дека во рамките на оваа точка од дневниот ред се разгледува Финансискиот извештај за реализација на Финансискиот план на ЈРП Македонска радио-телевизија за 2025 година, подготвен од стручните служби на МРТ.

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот совет во рамки на своите надлежности ги разгледува и усвојува финансиските извештаи на претпријатието, додека Надзорниот одбор врши надзор над материјално-финансиското работење на МРТ.

Во таа насока, Финансискиот извештај претходно е разгледан од Надзорниот одбор на МРТ, кој има донесено заклучок и дадено согласност, по што истиот се доставува до Програмскиот совет на разгледување и усвојување.

Според податоците содржани во извештајот:

- вкупните реализирани приходи во 2025 година изнесуваат 1.214.148.307 денари,
- вкупните реализирани расходи, вклучително и инвестициите, изнесуваат 1.249.013.374 денари,

при што финансиската година завршува со негативен финансиски резултат (загуба) од приближно 34,9 милиони денари.

Како што е наведено во извештајот, најзначајната причина за ваквиот финансиски резултат е намалувањето на средствата за финансирање на радиодифузната дејност, односно намалување на средствата од Буџетот на РСМ за околу 80 милиони денари со ребалансот на Буџетот во текот на 2025 година.

Во оваа фаза тој ги повика стручните служби на МРТ да дадат кратко образложение на Финансискиот извештај за реализација на Финансискиот план за 2025 година.

Збор зема Виолета Димеска која рече дека во Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план се прикажани приходи и расходи и дека основната причина за негативен финансиски резултат е поради средствата што биле скратени со ребалансот на Буџетот за 2025 година.

На ова се надоврза Маја Седрак која постави прашање дали износот кој е утврден како недостаток би имал влијание, врз финансискиот план за следната година.

Виолета Димеска одговори дека како односниот финансиски план се однесува за 2025 година и дека нема влијание на финансискиот план за 2026 година, којшто може да претрпи измени, само доколку Министерството за дигитална трансформација реши повторно да го скрати буџетот.

Маја Седрак повторно постави прашање во однос на тоа дали МРТ ги бара средствата од Министерството за дигитална трансформација.

Виолета Димеска одговори дека секако дека редовно се бараат финансиските средства и дека пример за тоа е склучената вонсудска спогодба со Министерството за дигитална трансформација за отплаќање на долгот кон МРТ.

Понатаму таа продолжи со тоа што истакна дека во делот на расходи нема некои забележителни надминувања. Таа потенцираше дека во делот на програма и во делот за јавни набавки не смее да се надминува планираниот износ.

Исто така, таа кажа дека дополнителни расходи од претходни години се однесуваат и на состојбата со вработените во МРТ и дека со 31.12.2025 година, бројот на вработени во МРТ изнесува 587 лица. Сето тоа поради што неколку години station наназад МРТ нема добиено согласност за нови вработувања од страна на надлежните органи.

Томислав Кежаровски постави прашање дали постои можност за хонорарни соработници?

Виолета Димеска одговори дека МРТ има хонорарни соработници, но само 72 лица, бројка што не е доволна.

На ова се надоврза Музбајдин Ќамиљи кој исто така рече дека мора да се вработат нови лица, за да може МРТ да функционира како што треба.

Претседателот Давор Пашоски предложи Програмскиот совет да пристапи кон донесување на Предлог-одлуката за усвојување на Финансискиот извештај за реализација на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2025 година.

Тој ја стави Предлог Одлуката на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот констатираше дека Програмскиот совет ја донесе Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај за реализација на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2025 година

**Точка 4. Разгледување и усвојување на Извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во периодот од 01.10.2025 до 31.12.2025 година**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори четвртата точка од Дневниот ред и рече дека во рамките на оваа точка од дневниот ред се разгледува Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска радио-телевизија за периодот од 01.10.2025 до 31.12.2025 година, кој е подготвен од стручните служби на МРТ.

Овој извештај претставува тримесечен извештај за финансиското работење, кој се подготвува во согласност со законските обврски за известување за финансиското работење на јавните претпријатија.

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ, Надзорниот одбор врши надзор над материјално-финансиското работење на претпријатието, по што извештајот се доставува до Програмскиот совет на разгледување.

Во таа насока, Надзорниот одбор го има разгледано овој извештај и има дадено согласност, по што истиот се доставува до Програмскиот совет.

Според податоците содржани во извештајот, во периодот од 01.10 до 31.12.2025 година:

- реализирани се приходи во износ од 241.313.189 денари,

- реализирани се расходи во износ од 361.225.072 денари,

при што во анализираниот период е евидентирана загуба во износ од 119.911.883 денари.

Како што е наведено во извештајот, најзначајна причина за ваквиот резултат е намалувањето на средствата за финансирање на радиодифузната дејност, односно намалување на средствата од Буџетот на РСМ за околу 80 милиони денари со ребалансот на Буџетот во текот на 2025 година.

Имајќи го предвид тоа, може да се констатира дека најголемиот дел од загубата е евидентиран во последниот квартал од годината, додека на годишно ниво загубата е значително помала, бидејќи резултатите остварени во претходните квартали од 2025 година делумно ја амортизираат загубата од последниот квартал.

Во оваа фаза тој ги повика стручните служби на МРТ да дадат кратко образложение на Извештајот за финансиското работење за периодот од 01.10 до 31.12.2025 година.

Збор зема Виолета Димеска која истакна дека четвртиот квартал е со негативен финансиски резултат, само поради скратените буџетски средства со ребалансот на Буџетот во текот на 2025 година. Таа рече дека третиот квартал бил со позитивен финансиски резултат, а додека пак во текот на годината МРТ има балансиран финансиски резултат.

Претседателот предложи Програмскиот совет да пристапи кон донесување на Предлог-одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за периодот од 01.10.2025 до 31.12.2025 година.

Тој ја стави Предлог Одлуката на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот констатираше дека Програмскиот совет ја донесе Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за периодот од 01.10.2025 до 31.12.2025 година.

**Точка 5. Разгледување и усвојување на Годишниот План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2026 година, со пренамена на средства**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори петтата точка од Дневниот ред и рече дека во рамките на оваа точка од дневниот ред се разгледува Годишниот план за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска радио-телевизија за 2026 година, со пренамена на средства, подготвен од надлежните служби на МРТ.

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот совет го разгледува и усвојува Годишниот план за јавни набавки и неговите измени, додека Надзорниот одбор врши надзор над материјално-финансиското работење на претпријатието.

Во таа насока, предложената измена на планот претходно е разгледана од Надзорниот одбор на МРТ, кој има дадено согласност, по што документот се доставува до Програмскиот совет на разгледување.

Со предложената измена се врши внатрешна пренамена на средства во рамки на постојниот Годишен план за јавни набавки, во делот на тековното одржување на техничката опрема и системите на МРТ, со цел обезбедување услови за непречено функционирање на продукцијата за производство и емитување на програмите на МТВ.

Тој нагласи дека со оваа измена не се менува вкупниот планиран износ на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2026 година, туку се врши само пренамена на средства меѓу ставки во рамки на веќе утврдениот план.

Во оваа фаза тој ги повика стручните служби на МРТ да дадат кратко образложение на предложената измена на Годишниот план за јавни набавки.

Збор зема Виолета Димеска која рече дека е започната тендерска постапка за набавка на камерни ланци, но недостасуваат 60.000 денари, па за да не се навлегува во дополнителни трошоци, овој износ се префрла од ставката за тековното одржување на техничката опрема и системите на МРТ, со цел обезбедување услови за непречено функционирање на продукцијата за производство и емитување на програмите на МТВ, со оваа измена не се менува вкупниот планиран износ на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2026 година, туку се врши само пренамена на средства меѓу ставки во рамки на веќе утврдениот план.

Томислав Кежаровски постави прашање дали во моментов има активен тендер?

Виолета Димеска одговори дека од јануари 2026 година се започнати и во тек се неколку тендерски постапки.

Претседателот предложи Програмскиот совет да пристапи кон донесување на Предлог-одлуката за усвојување на Годишниот план за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2026 година.

Претседателот Давор Пашоски ја стави Предлог Одлуката на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Тој констатираше дека Програмскиот совет ја донесе Одлуката за усвојување на Годишниот план за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2026 година, со пренамена на средства.

Констатирајќи дека се исцрпени сите точки од дневниот ред, Претседателот заклучи дека 34-тата седница на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија е завршена. Тој се заблагодари на сите за учеството и конструктивниот придонес во работата на Советот, со што ја затвори триесет и четвртата седницата на Програмскиот совет на МРТ во 12:02 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-1569/7
13.03.2026г.

______________________

Давор Пашоски